До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 21.08.2025 година преку web формата на Државната комисија доставено е Барање за мислење дали постои судир на интереси доколку во институција каде подносителот е раководно лице, член на Управен одбор од редот на вработените е во кумовска врска со тоа лице, односно лицето е кум на неговото дете.
Понатаму, истото лице прашува дали постои пречка доколку кумот кој поседува лиценца за јавни набавки и досега учествувало во спроведување на постапки за јавни набавки во институцијата, да продолжи да биде член на Комисија за јавни набавки со оглед на нивната кумовска врска.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Судирот на интереси е дефиниран во член 2 став (3) од истиот закон и тоа:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Во член 8 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено следното:
„(4) „Под поимот „блиски лица“ се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.“

Имено, согласно член 8 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кум, **не е блиско лице на подносителот на барањето за мислење.**

Државната комисија е на мислење дека во конкретната ситуација, иако се работи за лице кое не е блиско лице согласно цитираните одредби, во случајот постои потенцијален судир на интереси доколку лицето кое е негов кум биде вклучено во процесот на јавни набавки, како претседател или член на Комисија за јавни набавки, во институција во која одговорно лице е подносителот.

Исто така, постои потенцијален судир на интереси доколку лицето за кое се прашува е член на Управниот одбор на институција во која орган на раководење – директор е подносителот, односно наведената состојба може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања и службени должности.

Со создавање на состојба на потенцијален судир на интереси, се отвара можност и за појава на т.н. „реален" судир на интереси што придонесува до негативна перцепција на непристрасното работење на подносителот и членот на Управниот одбор како службени лица, а преку нив и на целокупното работење на институцијата.

Согласно наведеното, доколку не се надминат тие ситауции каде постои потенцијален судир на интереси потребно е постојано да внимавате да не ги повредат член 72 и член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси при извршувањето на своите службени должности и овластувања.

Имено, согласно член 72 став (1) и (2) и член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено следното:

Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
**(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен."**
Член 75
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши

функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси."

Понатаму, потребно е да се имаат во предвид и следните одредби од Законот за спречување на корупција и судир на интереси:
Член 4 - Начело на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
**(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице".**

Заменик претседател,

м-р Цвета Ристовска